Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-559/5
16-12-2022 година

Постапувајќи по претставката бр. 08 - 549/1 од 19.10.2022 година, поднесена од [redacted] против СОУ „Јане Сандански" - Штип, за сторена дискриминација врз основа на етничка припадност и личен статус во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 258/2020), на 16.12.2022 година го донесе следното:

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на етничка припадност и личен статус во областа на работата и работните односи од страна на СОУ „Јане Сандански" - Штип кон [redacted]

### Образложение

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка со архивски број 08 – 549/1 на 19.10.2022 година, од подносителката [redacted] за извршена дискриминација по основ на етничка припадност и личен статус во областа на работата и работните односи, од страна на СОУ „Јане Сандански" – Штип кон [redacted]

Подносителката на претставката до 09.12.2021 година била вработена во СОУ „Јане Сандански", на работно место – наставник по латински јазик врз основа на Решение бр. 04 – 2/81 од 05.02.2020 година. Во 2021 година [redacted] склучила и Договор за вработување на определено време за периодот од 02.02.2021 до 31.08.2021. По истекот на нејзиниот договор бил распишан конкурс за вработување на наставник по латински јазик на кој била примена кандидатката [redacted]. Со оглед на тоа што подносителката на претставката била вработена во СОУ „Јане Сандански" – Штип две години, истата смета дека е ставена во понеповолна положба во однос на ново примената наставничка. Како потврда на претходното, [redacted] наведува дека има повисок степен на образование и посоодветни квалификации од неа. Имено, подносителката наведува дека постојано се усовршувала, а тоа го поткрепува со упис на студиска програма за втор циклус на студии. Исто така, [redacted] смета дека избраната кандидатка е вработена врз основа на тајно гласање и без критериуми за селекција. Дополнително, истакнува дека е ставена во понеповолна ситуација од нововработените или повозрасните наставници во однос на правото на добивање на мислење за работа од страна на Наставничкиот совет, а се' со цел полагање стручен испит.

Ценејќи ги наводите од претставката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24, став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на 25.10.2022 година испрати Известување бр. 08 - 549/2 за произнесување по наводите од претставката до Училишен одбор на СОУ „Јане Сандански" – Штип.

На 11.11.2022 година до Комисијата беше доставено произнесување по наводите од претставката заведено под бр. 08 – 549/4 од СОУ „Јане Сандански" – Штип.

Во произнесувањето училиштето целосно ги негира наводите од претставката. Имено, од Училишниот одбор на СОУ „Јане Сандански" – Штип истакнуваат дека етничката припадност воопшто не била услов во огласот за вработување, на кој се јавила подносителката на претставката. Следствено на тоа, според нив не може да се работи за дискриминација по тој основ, бидејќи таа навела дека е и Македонка и Русинка. Понатаму, училиштето наведува дека престанокот на важноста на договорот за вработување на [redacted] е по основ на изминат период за кој бил склучен самиот договор. Исто така, ниту личниот и општествен статус не биле причина за да не биде избрана од причина што одлуката е донесена врз основа на предвидените услови согласно огласот и законот.

Од друга страна, за законитоста на спроведувањето на постапката за избор бил извршен и инспекциски надзор од Државен просветен инспекторат и Државен инспекторат за труд и не биле утврдени никакви незаконитости или неправилности. Како доказ за ова беа доставени Записник за извршен инспекциски надзор со бр. 09 – 185 од Државен просветен инспекторат и Записник со бр. 0907 – 1023 од Државен инспекторат за труд. Последно, училиштето истакнува дека за остварување на правото на поништување на одлуката за избор по огласот, [redacted] има поведено судска постапка која е во тек.

Од сето горенаведено, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека не е сторено веројатно тврдењето на подносителката за сторена дискриминација. Од фактите и околностите во претставката не постои причинско – последична врска помеѓу наведената дискриминаторска основа и повреда на право, односно не е утврден нееднаков третман врз дискриминаторска основа кон подносителката. При така констатирана состојба, не може да стане збор за дискриминација.

Оттука произлегува дека не е исполнета законската дефиниција за дискримиација од член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите."*

Заради горенаведеното Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности одлучи како во диспозитивот на мислењето дека во конкретниот случај не е сторена дискриминација врз основа на етничка припадност и личен статус во

областа на работата и работните односи од страна на СОУ „Јане Сандански“ – Штип кон [redacted]

Скопје
16.12.2022 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
Исмаил Камбери

Доставено до:

- Татјана Бабич со адреса на ул. „Пиринска“ бр. 134/8, 2000 Штип
- СОУ „Јане Сандански“ – Штип, со адееса на ул. „Трајко Кошевски“ бр. 2А, 2000 Штип